

Петиот апостол на македонската нација е Блаже Конески, најзначајниот македонски лингвист, кодификатор на современиот македонски литературен јазик, универзитетски професор, декан на Филолошкио факултет во Скопје при Универзитетот ” Свети Кирил и Методиј”, ректор на Универзитетот во Скопје, писател, прв претседател на Друштвото на писателите на Македонија, основач и прв претседател на МАНУ, член на над десетина други академии во Светот, почесен доктор на Чикашкиот универзитет и на универзитетите во Вроцлав и Краков во Полска.

Конески е редактор на тритомниот Речник на македонскиот јазик, автор е на капиталните „Граматика на македонскиот јазик”, „Јазикот на македонската поезија”, „Македонскиот правопис со правописен речник”(коавтор со Крум Тошев) и голем број на значајни студии за одбрана на посебноста на македонскиот јазик темелени на делата на Пулевски, Шапкарев, Зографски, Мисирков и други. Воедно тој е едно од најзначајните имиња во современата македонска литература, автор на повеќе од триесет книги поезија, проза, есеистика, литературни записи и преводи.

Блаже Коневски е роден 1921 во Небрегово. Се школувал во Прилеп, Крагуевац и Белград. Во Софија завршил филологија. Член е на трите државни комисии, кои при крајот на 1944 и првата половина на 1945 работеа на кодификацијата на македопнскиот современ литературен јазик, утврдувајќи ги неговата азбука и неговиот правопис. За тие негови активности кои беа продолжение и инспирација од македонските преродбеници и нивните погледи за македонскиот јазик и нација Конески ќе рече:

... „Примањето на азбуката и правописот означи голема придобивка на нашиот народ на културно поле. Со тоа се кладе крај на стихијата на развитокот на на нашиот литературен јзик и се направи решителен чекор кон неговото унифицирање. Со тоа се затврдија основите на македонската писменост... Најбитно беше тоа што и без непосредно користење на Мисирков, нашите решенија од 1945 година, главно, главно се движеа во тој круг, каде што и тој ги бараше решенијата на својот проект. Тоа значи дека тоа е процес што, во одредени моменти на својата кулминација, доведуваа до

слични решенија... Самиот имав колебања во однос на решавањата на некои прашања. Секогаш кај мене решаваше тоа- дефинитивниот облик на нашиот литературен јазик треба ние самите да го направиме. А не да се случи така што некои други да се вмешуваат како советници, како инструктори и така натаму. За мене лично работата врз македонскиот правопис во 1945 година, сепак беше прилог кон самостојноста на македонскиот културен развиток...

Со неговиот авторитет Македонија создаде големи пријателства со многу светски лингвисти, поетски и и писателски имиња. Беше вистински македонски културен амбасадор добивајќи покрај домашните и многу светски награди и признанија. Почина во Скопје на 07.12.1993 година.

Сите овие петмина македонски национални великани оставија неизбришливи - препознатливи траги за нашето натамошно опстојување како македонска нација со свој посебен идентитет. Тие и денес зрачат и го покажуваат патот кога Македонија во 21 век треба да еманира нација која доминира во меѓународното право.

*Косто Граоркоски*
*(крај)*